Збирен извештај за особините на лекот

▼ Овој лек е предмет на дополнително следење. Со тоа се овозможува брзо откривање на нови безбедносни информации. Можете да помогнете со пријавување на какви било несакани дејства што може да се јават кај Вас. За начинот на пријавување на несакани дејства видете во информациите на крајот на делот 4.

1. ИМЕ НА ЛЕКОТ
ABETYL 250 mg таблета

2. КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН СОСТАВ

Активна супстанција: Секоја таблета содржи 250 mg абиратерон ацетат.
Ексципиенси: Секоја таблета содржи 198,65 mg лактоза монохидрат (добиена од кравјо млеко), 42,9 mg натриум кроскармелоза и 28,6 mg натриум лаурил сулфат.

За целосна листа на ексципиенси, види дел 6.1.

3. ФАРМАЦЕВТСКА ДОЗИРАНА ФОРМА
Таблета
Таблетите ABETYL се бели или белузлави, овални, биконвексни таблети кои се изгравирани со ознака „A 250" на едната страна и без ознака на другата страна.

4. КЛИНИЧКИ ПОДАТОЦИ

4.1 Терапевтски индикации
ABETYL, во комбинација со преднизолон, е индициран за третман на пациенти со метастатски карцином на простата:
- кои се чувствителни на хормонска терапија, но не се соодветни* за хемотерапија, до прогресија;
- чија прогресија била прикажана со методите на простата специфичен антиген (PSA) и радиолошки слики, чиј резултат на перформансите на Eastern Cooperative Oncology Group (ECOG) бил (0-1), и чии нивоа на тестостерон се покажале на ниво на кастрација и
- кај кои е докажана прогресија отпорна на кастрација со PSA и/или методи на слика, чии нивоа на тестостерон се покажаа на ниво на кастрација (<50 ng/dl) и кои не се погодни за хемотерапија* до прогресија.

* пациенти кои не се погодни за хемотерапија се пациентите кои имаат:
- резултати за изведба на ECOG>1,
- клиренс на креатинин <45 ml/dk,
- број на неутрофили <1.500/mm^3 и/ниво на тромбоцити <100.000/mm^3,
- резервите за функцијата на хепарот се слаби.

4.2 Дозирање и начин на употреба
Дозирање/фреквенција и времетраење на администрација

Овој лек треба да го препишува квалификуван здравствен работник.

1.000 mg ABETYL (четири таблети од 250 mg) треба да се земаат еднаш дневно без храна (види дел „Метод на администрација"). Земањето ABETYL со храна ја зголемува системската изложеност на лекот (види дел 4.5 и 5.2).

Дозирање на преднизолон
ABETYL се користи во комбинација со 5 mg/ден преднизолон кај пациенти со метастатски карцином на простата чувствителен на хормони (анг. Metastatic Hormone-Sensitive Prostate Cancer (mHSPC).
ABETYL се користи во комбинација со 10 mg/ден преднизолон кај пациенти со метастатски кастрациски отпорен карцином на простата (анг. Metastatic Castration-resistant prostate cancer (mCRPC).

Медицинската депривација со аналози на лутеинизирачки-хормон ослободувачки-хормон (LHRH) за време на третманот, треба да се продолжи кај пациенти кои не биле подложени на хируршка кастрација.

Препорачано следење
Нивоата на серумските трансаминази треба да се измерат пред да се започне со третман со ABETYL. Овие тестови треба да се повторуваат на секои две недели во првите три месеци од третманот, а потоа еднаш месечно. Крвниот притисок, нивоата на серумски калиум и ретенцијата на течности треба да се мониторираат месечно. Дополнително, пациентите со значителен ризик од конгестивна срцева слабост треба да се следат на секои две недели во првите 3 месеци од третманот, а потоа еднаш месечно (види дел 4.4).
Треба да се земе предвид дека нивоата на калиум кај пациенти со веќе постоечка хипокалемија или кај пациенти кои развиле хипокалемија за време на третманот со ABETYL треба да бидат ≥ 4.0 mM.
Кај пациенти кои ќе развијат токсичност од степен 3 или повисока, вклучувајќи хипертензија, хипокалемија, едем и друга неминералокортикоидна токсичност, третманот со ABETYL треба да се прекине и да се започне со соодветна медицинска терапија. Третманот со ABETYL не треба да биде повторно започнат сè додека симптомите на токсичност не се намалат на Степен 1 или на основното ниво.
Во случај на пропуштена дневна доза на ABETYL или преднизолон, третманот треба да се продолжи наредниот ден со вообичаената дневна доза.

Метод на администрација:
ABETYL се зема перорално.
ABETYL треба да се зема најмалку 1 час пред или најмалку два часа по оброкот. Таблетите треба да се проголтаат цели, со вода.

Дополнителни информации за посебни популации

Хепатотоксичност
Третманот со ABETYL треба веднаш да се прекине кај пациенти кои развиваат хепатотоксичност (зголемување на нивоата на аланин аминотрансфераза [ALT] или аспартат аминотрансфераза [AST] повеќе од 5 пати од горната референтна вредност) за време на третманот (види дел 4.4). Повторната терапија со лекот ABETYL треба да започне со редуцирана доза 500 mg/ден (две таблети) само по нормализирање на вредностите на ALT и AST. Нивоата на серумските трансаминази на пациентите кај кои третманот со ABETYL е повторно започнат, треба да се проверуваат на секои две

недели во првите три месеци од третманот, а потоа еднаш месечно. Во случај хепатотоксичноста да се повтори дури и со намалена дневна доза од 500 mg, тогаш третманот треба целосно да се прекине.
Во случај да се развие тешка форма на хепатотоксичност (зголемување на нивоата на ALT или AST повеќе од 20 пати од горната граница на нормалата) во било кое време од третманот, тогаш третманот треба веднаш да се прекине и лекот не смее да се користи повторно.

Хепатална инсуфициенција:
Не е потребно прилагодување на дозата кај пациенти со претходно постоечко благо хепатално оштетување (Child-Pugh Class A).
Умерено хепатално оштетување (Child-Pugh Class B) покажа дека ја зголемува системската изложеност на абиратерон за приближно четири пати по администрација на единечна перорална доза на абиратерон ацетат од 1.000 mg (види дел 5.2). Нема податоци кои ја покажуваат клиничката безбедност и ефикасноста на повеќекратните дози на абиратерон ацетат кај пациенти со умерено или тешко хепатално оштетување (Child-Pugh Class B and C). Прилагодувањето на дозата не може да се предвиди кај такви пациенти. При употреба на ABETYL кај пациенти со умерено хепатално оштетување треба внимателно да се процени дали користа јасно го надминува потенцијалниот ризик од третманот (види дел 4.2 и 5.2) и не треба да се употребува кај пациенти со тешко хепатално оштетување (види дел 4.3, 4.4 и 5.2).

Ренална инсуфициенција:
Нема потреба од прилагодување на дозата кај пациенти со ренална инсуфициенција (види дел 5.2).
Сепак, не постојат клинички студии во однос на пациентите со канцер на простата и тешка ренална инсуфициенција. Се препорачува да се внимава кај таквите пациенти (види дел 4.4).

Педијатриска популација:
ABETYL не се користи кај деца и адолесценти бидејќи канцер на простата не е забележан кај педијатриската популација.
Лекот нема релевантна примена кај оваа група на пациенти.

Геријатриска популација:
Не е потребно прилагодување на дозата кај постари пациенти.

4.3 Контраиндикации
ABETYL е контраиндициран:
- кај пациенти кои се хиперсензитивни на абиратерон ацетат или на било кој од ексципиенсите наведени во дел 6.1,
- кај жени кои се или потенцијално може да забременат (види дел 4.6) и
- кај пациенти со тешко хепатално оштетување [Child-Pugh Class B] (види дел 4.2, 4.4 и 5.2)],
- Комбинацијата на ABETYL и преднизолон е контраиндицирана со Ra-223 (Radium 223).

4.4 Посебни предупредувања и мерки на претпазливост при употреба

Хипертензија, хипокалемија, ретенција на течности и срцева слабост поради зголемени нивоа на минералокортикоиди

ABETYL може да предизвика хипертензија, хипокалемија и ретенција на течности (види дел 4.8) како резултат на зголемени нивоа на минералокортикоиди што произлегува од инхибиција на CYP17 (цитохром P450 семејство 17) (види дел 5.1). Употребата на кортикостероиди во комбинација со ABETYL го супримира создавањето на адренокортикотропен хормон (ACTH), што резултира со намалување на инциденцата и тежината на овие несакани дејства, хипертензија, хипокалемија (на пример, пациенти кои користат кардиотонични гликозиди) или ретенција на течности (на пример, пациенти со срцева слабост, тешка или нестабилна ангина пекторис, неодамнешен миокарден инфаркт или вентрикуларна аритмија и тешка ренална инсуфициенција).

ABETYL треба да се користи со претпазливост кај пациенти со историја на кардиоваскуларни заболувања. Пациенти со неконтролирана хипертензија, клинички значајна срцева болест манифестирана со миокарден инфаркт, артериска тромбоза во последните 6 месеци, тешка или нестабилна ангина, срцева слабост класа III и IV според NYHA - New York Heart Association Class (студија 301), или срцева слабост класа II до класа IV (студии 3011 и 302), или со срцева ејекциона фракција помала од 50% беа исклучени од студиите на Фаза 3. Пациентите со атријална фибрилација или други срцеви аритмии кои бараат медицинска терапија биле исклучени од студиите 3011 и 302. Безбедноста на ABETYL не е утврдена кај пациенти со вентрикуларна ејекциона фракција (LVEF) под 50% или кај пациенти со срцева слабост од класа III и IV според New York Heart Association Class (NYHA) (студија 301) или срцева слабост класа II до класа IV според NYHA (студии 3011 и 302) (види дел 4.8 и 5.1).

Пред да се третираат пациенти со сигнификантен ризик за конгестивна срцева слабост (на пр., срцева слабост, неконтролирана хипертензија или срцеви настани како што е исхемична срцева болест), треба да се земе предвид проценката (на пр. ехокардиограм) на срцевата функција. Срцевата слабост мора да се третира и работата на срцето мора да се оптимизира пред да се започне со третман со ABETYL. Хипертензијата, хипокалемијата и ретенцијата на течности треба да се третираат и да се контролираат, 2 недели од првите 3 месеци од третманот и еднаш месечно потоа; сите откриени абнормалности треба да се третираат. Забележано е пролонгирање на QT кај пациенти со хипокалемија асоцирана со абиратерон ацетат. Во случај на клинички значајно намалување на срцевата функција, срцевата функција треба да се процени според клиничката индикација, треба да се примени соодветна терапија и да се размисли за прекин на терапијата со ABETYL (види дел 4.2).

Хепатотоксичност и хепатална инсуфициенција

Пријавени се значајни зголемувања на хепаталните ензими во контролирани клинички студии што резултирале со прекин на третманот или промена на дозата (види дел 4.8). Нивоата на серумските трансаминази треба да се измерат пред да се започне третманот со ABETYL. Овие тестови треба да се повторуваат на секои две недели во првите три месеци од третманот, а потоа еднаш месечно. Во случај да се појават клинички знаци или симптоми на хепатотоксичност, нивото на серумските трансаминази треба веднаш да се измери. Третманот со ABETYL треба веднаш да се прекине, а функцијата на хепарот треба внимателно да се следи кај пациенти чии

нивоа на ALT или AST се зголемиле повеќе од 5 пати над нормалните вредности (анг. Upper Limit of Normal - ULN).

Третманот со ABETYL може да се продолжи само откако тестовите за функцијата на црниот дроб ќе се вратат на основните вредности, па дури и тогаш, само при намалени дози (види дел 4.2).

Во случај да се развие тешка хепатотоксичност (зголемување на нивоата на ALT или AST до 20 пати над ULN) во кој било период од третманот, третманот со ABETYL треба да се прекине и не треба да се продолжи.

Пациентите со активен или симптоматски вирусен хепатитис не биле вклучени во клиничките испитувања. Затоа, нема податоци кои ја поддржуваат употребата на абиратерон ацетат кај оваа популација.

Нема податоци кои ја покажуваат клиничката безбедност и ефикасноста од повеќекратното дозирање на абиратерон ацетат кај пациенти со умерено или тешко хепатално оштетување (Child Pugh Class B или C). За употребата на ABETYL треба да се процени со претпазливост кај пациенти со умерено хепатално оштетување каде што придобивките од третманот јасно ги надминуваат можните ризици (види дел 4.2 и 5.2), но лекот не треба да се употребува кај пациенти со тешко хепатално оштетување (види дел 4.2, 4.3 и 5.2).

Постојат неколку пост-маркетиншки извештаи во кои биле пријавени случаи на акутна хепатална инсуфициенција и фулминантен хепатитис. Некои од овие случаи резултирале со смрт (види дел 4.8).

Прекинување на употребата на кортикостероиди и прилагодување на нивната доза за справување со стресни ситуации

Во случаи кога терапијата со преднизолон е прекината, се препорачува да се внимава и да се следат пациентите за да се избегне развој на адренокортикална инсуфициенција. Ако третманот со ABETYL треба да се продолжи по прекинот на кортикостероидите, пациентите треба да се мониторираат за симптоми од минералокортикоиден суфицит (види дел 4.4 со наслов „ Хипертензија, хипокалемија, ретенција на течности и срцева слабост поради вишок на минералокортикоиди").
Во случај да се појави невообичаен стрес кај пациенти кои користат преднизолон, може да биде неопходно зголемување на дозата на кортикостероид пред, за време и по појавата на таква стресна ситуација.

Густина на коските

Кај пациентите со напреден метастатски карцином на простата може да се јави намалување на густината на коските. Употребата на ABETYL во комбинација со глукокортикоиди може да го потенцира овој ефект.

Претходна употреба на кетоконазол

Послаб одговор на третманот може да се очекува кај пациенти кои претходно користеле кетоконазол за канцер на простата.

Хипергликемија

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKESORE • SHKUP • СКОПЈЕ •

Гликозата во крвта треба често да се одредува кај пациенти со дијабетес, бидејќи употребата на глукокортикоиди може да ја зголеми хипергликемијата. Кортикостероидите кои треба да се користат во комбинација со абиратерон кај пациенти со дијабетес треба да се користат со претпазливост, бидејќи може да ја нарушат регулацијата на шеќерот во крвта.

Употреба за време на хемотерапија
Безбедноста и ефикасноста на користењето на ABETYL истовремено со цитотоксична хемотерапија не е докажана (види дел 5.1).

Потенцијални ризици
Кај пациентите со канцер на простата, вклучително и оние кои се лекуваат со ABETYL, може да се јават анемија и сексуална дисфункција.

Ефекти врз скелетните мускули
Пријавени се случаи на миопатија и рабдомиолиза кај пациенти третирани со абиратерон ацетат. Повеќето од овие несакани дејства се случиле во првите 6 месеци од третманот и се повлекле по прекинувањето на терапијата со абиратерон ацетат. Се препорачува да се внимава кај пациенти кои примаат истовремена терапија со лекови за кои е познато дека се поврзани со миопатија/рабдомиолиза.

Интеракција со други лекови
Поради ризикот од намалена изложеност на ABETYL, силните индуктори на CYP3A4 (цитохром P450 од фамилијата 3 подфамилија A член 4) треба да се избегнуваат за време на третманот, освен ако не е достапна друга терапевтска алтернатива (види дел 4.5).

Комбинација на абиратерон и преднизолон со Ra-223 (Радиум-223)
Третманот со абиратерон и преднизолон во комбинација со Ra-223 е контраиндициран поради зголемениот ризик од фрактури и стапката на морталитет, како што е забележано во клиничките студии спроведени на пациенти со асимптоматски или благо симптоматски карцином на простата (види дел 4.3).

Не се препорачува администрирање на третман со Ra-223 на пациентите најмалку 5 дена по земањето на последната доза на комбинацијата ABETYL-преднизолон.

Ексципиенси со познат ефект
Овој лек содржи лактоза. Пациентите со ретка наследна нетолеранција на галактоза, Lapp лактаза дефициенција/ дефициенција на лап-лактоза или проблем со малапсорпција на гликоза-галактоза не треба да го користат овој лек.

Овој лек содржи 24,8 mg натриум во секоја доза која се состои од четири таблети, и затоа треба да се внимава кај пациенти со контролирана диета со натриум.

4.5 **Интеракции со други лекови и други форми на интеракција**

Ефектот на храната врз абиратерон ацетат
Администрацијата на ABETYL со храна значително ја зголемува апсорпцијата на абиратерон ацетат. Ефикасноста и безбедноста на ABETYL кога се зема со храна не е докажана, заради тоа ABETYL не треба да се зема со храна (види дел 4.2 и 5.2).

Интеракции со други лекови

Потенцијал на другите лекови да влијаат на изложеноста на abiraterone - ABETYL

Во фармакокинетска клиничка студија за интеракција спроведена на здрави доброволци било откриено дека просечната плазма AUC∞ (површина под кривата од нула до бесконечност) се намалила за 55% откако им бил администриран рифампицин, моќен индуктор на CYP3A4, во доза од 600 mg/ден 6 дена по ред, а потоа единечна доза од 1.000 mg на абиратрон ацетатет.

Затоа, потентните индуктори на CYP3A4 ((на пример, фенитоин, карбамазепин, рифампицин, рифабутин, рифапентин, фенобарбитал, кантарион (*Hypericum perforatum)*) треба да се избегнуваат за време на третманот со ABETYL, освен ако не е достапна друга терапевтска алтернатива.

Во друга фармакокинетска клиничка студија за интеракција спроведена на здрави доброволци, било откриено дека истовремената администрација на ABETYL со кетоконазол, моќен инхибитор на CYP3A4, немало клинички значаен ефект врз абиратеронот.

Потенцијал на Абиратерон да влијае на изложеноста на други лекови

Абиратеронот е инхибитор на ензимите CYP2D6 (цитохром P450 од фамилијата 2 од подфамилијата D 6) и CYP2C8 (цитохром P450 од фамилијата 2 од подфамилијата B член 8), кои ги метаболизираат хепаталните лекови. Во една студија спроведена за да се утврди ефектот на абиратерон ацетат и преднизолон врз единечна доза на декстрометорфан супстрат CYP2D6, било пријавено дека системската изложеност (AUC) на декстрометорфан се зголемила за приближно 2,9 пати и дека AUC24 на декстрорфан, активниот метаболит на декстрометорфан, била зголемена за приближно 33%.

Треба да се внимава кога ABETYL се администрира со лекови кои се активираат или метаболизираат преку CYP2D6, особено лекови со тесен терапевтски индекс, и треба да се размисли за намалување на дозата на лекови со тесен терапевтски индекс метаболизирани од CYP2D6. Примери на лекови кои се метаболизираат од CYP2D6 вклучуваат метопролол, пропранолол, дезипрамин, венлафаксин, халоперидол, рисперидон, пропафенон, флекаинид, кодеин, оксикодон и трамадол (CYP2D6 е потребен за создавање на активни аналгетски метаболити на трамадол, кодеин и оксикодон).

Во CYP2C8 студија било објавено за лек-лек интеракција спроведена врз здрави доброволци дека AUC на пиоглитазон била зголемена за 46%, а вредностите на AUC на M-III и M-IV, активните метаболити на пиоглитазон, се намалиле за 10%, како резултат на ко - администрација на пиоглитазон со единечна доза од 1.000 mg на абиратерон ацетат. И покрај фактот дека овие резултати покажуваат дека клинички значајни зголемувања на изложеноста не би се очекувале кога абиратерон ацетат се комбинира со лекови кои претежно се елиминираат од CYP2C8, пациентите сепак треба да се мониторираат за симптоми на токсичност кога користат абиратерон ацетат во комбинација со лекови со тесен терапевтски опсег кои се CYP2C8 супстрати.

Ин витро било утврдено дека абиратерон сулфат и N-оксид абиратерон сулфат, главни метаболити на абиратерон, го инхибираат OATP1B1 (органски анјон што

транспортира полипептид од семејството 1 подфамилија B-член 1), хепаталниот превземачки транспортер и како последица на тоа, може да се зголеми концентрацијата на лекови кои се емилинираат преку OATP1B1. Нема клинички податоци кои ја потврдуваат оваа интеракцијата базирана на овој транспортер.

Употреба со лекови за кои е познато дека го продолжуваат QT интервалот
Познато е дека терапијата за намалување депривационият третман со на андрогените го продолжува QT интервалот, па затоа се препорачува внимателност при истовремена администрација на ABETYL со лекови за кои се знае дека го пролонгираат QT интервалот, антиаритмици, производи кои можат да предизвикаат Torsades de pointes, како што се Класа IA (на пример, кинидин, дисопирамид) или класа III (на пример, амиадорон, соталол, дофетилид, ибутилид) или производи како што се метадон, моксифлоксацин, антипсихотици.

Употреба со спиронолактон
Спиронолактонот се врзува за андрогениот рецептор и може да ги зголеми нивоата на простата специфичен антиген (PSA). Затоа, не се препорачува да се употребува во комбинација со ABETYL (види дел 5.1).

Дополнителни информации за посебни популации
Нема достапни конкретни податоци.

Педијатриска популација:
Нема достапни конкретни податоци.

4.6 Употреба за време на бременост и доење

Општи препораки
ABETYL не е лек за употреба кај жени и е контраиндициран кај бремени жени или кај жени кои може да забременат (види дел 4.3 и 5.3).

Жени со репродуктивен потенцијал
Не се достапни клинички податоци за употреба на ABETYL за време на бременоста и ABETYL не е наменет како лек за употреба кај жени со репродуктивен потенцијал.

Контрацепција кај мажи и жени
Не е познато дали ABETYL или неговите метаболити се присутни во семената течност. Така, кога пациентот има сексуален однос со бремена жена треба да користи презерватив. Дополнително, во случај пациентот да има сексуален однос со жена во фертилен период, треба да користи презерватив заедно со друг ефикасен метод на контрацепција. Студиите спроведени на животни покажале репродуктивна токсичност (види дел 5.3).

Бременост
ABETYL не е лек за употреба кај жени и е контраиндициран за време на бременост или кај жени со репродуктивен потенцијал (види дел 4.3 и 5.3).

Лактација
ABETYL не е лек за употреба кај жени.

Фертилитет
Било утврдено дека абиратеронот влијаел на плодноста кај машките и женските стаорци, но овие ефекти биле целосно реверзибилни (види дел 5.3).

4.7 Ефекти врз способноста за возење и ракување со машини
ABETYL нема или незначително влијае врз способноста за возење и управување со машини.

4.8 Несакани дејства
Резиме на безбедносниот профил

При анализа на несаканите дејства од комбинираните студии од Фаза 3 со ABETYL биле забележани следниве несакани дејства кај ≥10% од пациентите: периферен едем, хипокалемија, хипертензија, инфекција на уринарниот тракт и зголемено ниво на аланин аминотрансфераза и/ или на аспартат аминотрансфераза.

Други важни несакани дејства вклучуваат срцеви нарушувања, хепатотоксичност, фрактури и алергиски алвеолитис.

ABETYL може да предизвика хипертензија, хипокалемија и ретенција на течности, како резултат на фармакодинамиката и механизамот на дејство. Во студиите од Фаза 3 било пријавено дека предвидените минералокортикоидни несакани реакции биле почести кај пациенти третирани со абиратерон ацетат отколку кај пациенти на кои им бил даден плацебо. Хипокалемија, хипертензија и задржување на течности (периферен едем) биле забележани кај 18%, 22% и 23% од оние кои земале абиратерон ацетат, соодветно, во споредба со 8%, 16% и 17% од оние кои земале плацебо, соодветно. Хипокалемија 3 и 4 степен , хипертензија од 3 и 4 степен и задржување на течности од степен 3 и 4 (периферен едем) ((според CTCAE - Common Terminology Criteria for Adverse Events), version 4.0 Classification)) беа забележани кај 6%, 7% и 1% од третираните пациенти со абиратерон ацетат, соодветно, во споредба со 1%, 5% и 1% од оние кои земале плацебо, соодветно. Минералокортикоидните реакции честопати биле успешно менацирани со медицински третман. Истовремената употреба на кортикостероиди ја редуцира инциденцата и сериозноста на овие несакани дејства на лекот (види дел 4.4).

Резиме на несакани дејства
Во студиите спроведени врз пациенти со напреден стадиум на метастатски карцином на простата каде што се користел агонист на лутеинизирачки хормон-ослободувачки хормон (LHRH) или кои претходно биле третирани со орхиектомија, се користела доза од 1.000 mg/ден на абиратерон ацетат во комбинација со ниска доза на преднизолон, што е 5 или 10 mg на ден во зависност од индикациите.

Несаканите дејства пријавени во клиничките студии и постмаркетиншкиот период, се наведени по честотата на нивно јавување. Во овој контекст, „многу чести" се однесува на несакани дејства забележани кај 1 или повеќе пациенти на секои 10 пациенти (≥1/10), додека „чести" се однесува на несакани реакции забележани кај 1 или повеќе пациенти до 10 пациенти на секои 100 пациенти (≥1/100 до <1/10), „помалку чести" се однесува на несакани реакции забележани кај 1 или повеќе пациенти до 10 пациенти на секои 1000 пациенти (≥1/1.000 до <1/100), „ретки" се однесува на несакани реакции забележани кај 1 или повеќе пациенти до 10 пациенти

SHKUP СКОПЈЕ

на секои 10000 пациенти (≥1/10.000 до <1/1.000), „многу ретки" се однесува на несакани реакции забележани кај 1 или помалку пациенти на секои 10000 пациенти (<1 /10.000), и „непознати" се однесува на која било фреквенција што не може да се определи од достапните податоци.

Несаканите дејства се претставени во опаѓачки редослед во однос на сериозноста во секоја група на фреквенција.

Инфекции и инфестации
Многу чести: инфекција на уринарниот тракт
Чести: сепса
Ендокрини заболувања
Помалку чести: адренална инсуфициенција
Нарушувања на метаболизмот и исхраната
Многу чести: хипокалемија
Чести: хипертриглицеридемија
Срцеви нарушувања
Чести: срцева слабост*, ангина пекторис, атријална фибрилација, тахикардија
Помалку чести: други аритмии
Непознати: миокарден инфаркт, пролонгирање на QT интервалот (види дел 4.4 и 4.5)
Васкуларни нарушувања
Многу чести: хипертензија
Респираторни, торакални и медијастинални нарушувања
Ретки: алергиски алвеолитис[а]
Гастроинтестинални заболувања
Многу чести: дијареа
Чести: диспепсија
Хепатобилијарни заболувања
Многу чести: зголемување на нивоата на аланин аминотрансфераза и/или аспартат аминотрансфераза[б]
Ретки: фулминантен хепатитис, акутна хепатална инсуфициенција
Нарушување на кожата и поткожното ткиво
Чести: осип
Нарушување на муслкулите, коските и сврзното ткиво
Помалку чести: миопатија, рабдомиолиза
Нарушување на бубрезите и уринарниот тракт
Чести: хематурија
Општи нарушувања и нарушувања на местото на апликација
Многу чести: периферен едем
Повреди и труење
Чести: фрактури**

* Срцевата слабост вклучува и конгестивна срцева слабост, лева вентрикуларна дисфункција и намалена ежекциона фракција.
** Фрактурите вклучуваат остеопороза и сите фрактури освен патолошки фрактури.
[а]Спонтани извештаи од пост-маркетиншко следење
[б]Зголемувањето на нивоата на аланин аминотрансфераза и/или аспартат аминотрансфераза вклучува покачени нивоа на ALT, покачени нивоа на AST и абнормална хепатална функција.

Несакани дејства од 3 степен (според CTCAE, верзија 4.0) забележани кај пациенти третирани со абиратерон ацетат биле хипокалемија, инфекција на уринарниот тракт,

зголемување на нивото на аланин аминотрансфераза и/или аспартат аминотрансфераза, хипертензија и фрактури, забележани кај 5%, 2 %, 4%, 6% и 2% од пациентите третирани со абиратерон ацетат, соодветно, кои биле проследени со периферен едем, срцева слабост и атријална фибрилација забележани кај 1% од пациентите третирани со абиратерон ацетат. Хипертриглицеридемија од 3 степен и ангина пекторис (според CTCAE, верзија 4.0 класификација) се јавиле кај <1% од пациентите третирани со абиратерон ацетат. Од друга страна, односот на пациенти кои развиле инфекција на уринарниот тракт од 4 степен, зголемување на нивото на аланин аминотрансфераза и/или аспартат аминотрансфераза, хипокалемија, срцева слабост, атријална фибрилација и фрактури бил помал од 1%.

Хипертензијата била забележана со поголема инциденца кај хормон - сензитивната популација (студија 3011). Во споредба со 11,8% и 20,2% од пациентите кај кои е откриена хипертензија во студиите 301 и 302, соодветно; било објавено дека 36,7% од пациентите од хормон - сензитивната популација (студија 3011) имале хипертензија. Дополнително, споредено со 19,2% и 14,9% од пациентите кај кои била откриена хипокалемија во студиите 301 и 302, соодветно; било објавено дека 20,4% од пациентите од хормон - сензитивната популација (студија 3011) имале хипокалемија. Утврдено е дека инциденцата и сериозноста на несаканите дејства биле повисоки кај пациентите во подгрупата со основен статус на ECOG2 перформанси, како и кај постари пациенти (≥75 години).

Опис на селектирани несакани реакции

Кардиоваскуларни реакции

Пациенти со неконтролирана хипертензија, клинички значајна срцева болест манифестирана преку миокарден инфаркт, артериска тромбоза во последните 6 месеци, тешка или нестабилна ангина, New York Heart Association (NYHA) класа III и IV срцева слабост (студија 301) или класа II до класа IV срцева слабост (студии 3011 и 302), или со срцева ежекциона фракција <50% биле исклучени во сите три студии од Фаза 3 спроведени со абиратерон ацетат. Сите пациенти изложени на ризик од дијабетес, миокарден инфаркт, цереброваскуларен настан и ненадејна срцева смрт (и на пациентите кои примале активна супстанција и плацебо) истовремено им била администрирана терапија за намалување на андрогените со користење на LHRH агонисти. Инциденцата на кардиоваскуларните несакани дејства во студијата од фаза 3 биле атријална фибрилација, тахикардија, ангина пекторис, срцева слабост и аритмија, кои се јавиле кај 2,6% и 2,0%, 1,9% и 1,0%, 1,7% и 0. 0,7% и 0,2% и 0,7% и 0,5% споредбено со пациентите кои примале абиратерон ацетат и плацебо, соодветно.

Хепатотоксичност

Пријавена е хепатотоксичност која напредувала со покачени нивоа на ALT, AST и вкупен билирубин кај пациенти третирани со абиратерон ацетат. Во клиничките испитувања од Фаза 3, хепатотоксичност од 3 и 4 степен (зголемување на нивоата на ALT и AST >5 пати од ULN или зголемување на нивото на билирубин >1,5 пати од ULN) биле пријавени кај приближно 6% од пациентите кои примале абиратерон ацетат обично во текот на првите 3 месеци по почетокот на третманот. Во Студијата 3011, хепатотоксичност од 3 и 4 степен се јавила кај 8,4% од пациентите третирани со абиратерон ацетат. Третманот бил прекинат кај 10 од пациентите, кои примале абиратерон ацетат, поради хепатотоксичност; Кај 2 од овие пациенти била откриена хепатотоксичност од 2 степен, кај 6 од нив била откриена хепатотоксичност од 3 степен, а кај 2 од нив била откриена хепатотоксичност од 4 степен. Во студијата 3011,

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • SHKUP • СКОПЈЕ

ниту еден од пациентите не починал поради хепатотоксичност. Во клиничките испитувања од Фаза 3, било откриено дека пациентите со покачени основни нивоа на ALT или AST имале поголема веројатност за покачени вредности на функционалните тестови на црниот дроб споредбено со оние пациенти кои имале нормални вредности на ALT или AST.
Третманот со абиратерон ацетат или бил прекинат веднаш или прекинат во случај кога нивоата на ALT или AST биле покачени >5 пати од ULN или дека нивоата на билирубин биле покачени >3 пати од ULN. Функционалните тестови на црниот дроб откриле значителни зголемувања во два конкретни случаи (види дел 4.4), нивоа на ALT или AST се зголемиле повеќе од 15 до 40 пати од ULN и нивоа на билирубин се зголемиле повеќе од 2 до 6 пати од ULN, и покрај фактот дека и двата пациенти имале нормални основните вредности. По прекинот на третманот со абиратерон ацетат, нивоата на функцијата на црниот дроб кај двата пациенти се вратија во нормала, а третманот со абиратерон ацетат бил рестартиран кај 1 од овие 2 пациенти, и овој пат тоа не довело до никакво зголемување на нивото на функцијата на црниот дроб. Поокачување од Степен 3 или 4 на ALT или AST беа забележани кај 35 (6,5%) пациенти третирани со абиратерон ацетат во Студијата 302. Покачувањето на аминотрансферазата се врати во нормала кај сите пациенти, освен 3 пациенти (2 пациенти со нови повеќекратни метастази во црниот дроб кои се развиле приближно 3 недели по примањето на последната доза на абиратерон ацетат и 1 пациент со покачување на AST). Во клиничките испитувања на Фаза 3, стапката на прекин на третманот со абиратерон ацетат поради покачување на ALT и AST или абнормални функции на црниот дроб беше откриена дека е 1,1% кај пациенти кои примале абиратерон ацетат и 0,6% кај пациенти кои примале плацебо; и не се пријавени смртни случаи поврзани со хепатотоксичност.

Во клиничките студии, ризикот од хепатотоксичност беше намален со исклучување на пациентите за кои првично беше утврдено дека имаат хепатитис, или пациентите за кои беше утврдено дека имаат значителни абнормалности, како што е докажано со тестовите за функцијата на црниот дроб. Во Студијата 3011, пациентите со основни нивоа на ALT и AST повеќе од 2,5 пати повеќе од ULN и пациентите со вредности на билирубин повеќе од 1,5 пати од ULN, како и активен или симптоматски вирусен хепатитис или пациенти со хроничен црн дроб и пациенти со асцит или нарушувања на крварењето поради дисфункција на црниот дроб биле исклучени од студијата. Во студијата 301, пациентите со основни нивоа на ALT и AST ≥2,5 пати повеќе од ULN во отсуство на метастази во црниот дроб и > 5 пати повеќе од ULN во присуство на метастази во црниот дроб не биле вклучени во студијата. Во студијата 302, пациентите со основни нивоа на ALT и AST ≥2,5 пати повеќе од ULN во присуство на метастази во црниот дроб, не биле вклучени во студијата. Во случај резултатите од функционалните тестови на црниот дроб да покажат абнормалности кај пациенти вклучени во клиничката студија, третманот би бил прекинат кај таквите пациенти и ќе продолжи само доколку резултатите тестовите се вратат на почетните нивоа забележани на почетокот на третманот (види дел 4.2). Третманот не бил рестартиран кај пациенти чии нивоа на ALT и AST се зголемиле повеќе од 20 пати од ULN. Безбедноста за повторно започнување на третманот кај такви пациенти е непозната, исто така не е познат и механизмот на хепатотоксичност што се развива за време на третманот со абиратерон ацетат.

Пријавување на суспектни несакани дејства

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ

Пријавувањето за суспектни несакани дејства на лекот во однос на одобрувањето на лекот е од големо значење. На овој начин се обезбедува континуирано следење на билансот помеѓу користа и ризикот од употребата на лекот. Здравствените работници треба да го пријават секое суспектно несакано дејство преку Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св. Кирил и Методиј бр кат 1). Или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата. http://malmed.gov.mk/.

4.9 Предозирање

Искуството со предозирање со абиратерон ацетат е ограничено.
Абиратерон ацетатот нема специфичен антидот. Во случај на предозирање, третманот со ABETYL треба да се прекине и да се преземат општи супортивни мерки, вклучително и мониторинг за појава на знаци и симптоми на аритмии, хипокалемија и задршка на течности. Треба да се следи и хепаталната функција.

5. ФАРМАКОЛОШКИ ПОДАТОЦИ

5.1 Фармакодинамски својства

Фармакотерапевтска група: ендокрина терапија, други хормонални антагонисти и сродни агенси
АТС код: L02BX03

Механизам на дејство
Абиратерон ацетат (ABETYL) се трансформира *ин виво* во абиратерон, инхибитор на биосинтезата на андрогени. Поточно, абиратеронот селективно го инхибира ензимот 17α-хидроксилаза/C17,20-лиаза (CYP17). Овој ензим се лачи во ткивата на тестисите, надбубрежните жлезди и туморите на простатата и е потребен за биосинтеза на андрогени. Ензимот CYP17 ја катализира конверзијата на прегненолон во дехидроепиандростерон (DHEA), прекурсор на тестостерон, и расцеп на врската меѓу C17,20 со 17α-хидроксилација и трансформација на прогестеронот до андростендион, друг прекурсор на тестостерон. Инхибицијата на CYP17, исто така, доведува до зголемување на производството на минералокортикоиди од надбубрежните жлезди (види дел 4.4).

Андроген сензитивниот карцином на простата реагира на третмани кои го намалуваат нивото на андрогените. Третманите кои го намалуваат андрогенот/ Андроген депривационите терапии, како што се агонисти на LHRH или орхиектомија, го намалуваат производството на андрогени во тестисите, но не влијаат на производството на андрогени од надбубрежните жлезди или во ткивото на туморот. Нивоата на серумскиот тестостерон паѓаат до незабележителни нивоа (користејќи комерцијални тестови) кога ABETYL се администрира во комбинација со LHRH агонисти (или орхиектомија).

Фармакодинамски ефекти
ABETYL ги намалува нивоата на серумскиот тестостерон и другите андрогени до ниво помало од она кое се постигнува со LHRH агонисти или со орхиектомија. Ова е резултат на селективната инхибиција на ензимот CYP17, кој е потребен за биосинтезата на андрогените. Простата специфичниот антиген (PSA) се користи како биомаркер кај пациенти со канцер на простата. Во Фаза 3 од клиничките студии

спроведени на пациенти кои немале бенефит од хемотерапијата базирана на таксани, вредностите на PSA се намалиле за најмалку 50% во споредба со почетните вредности на PSA кај 38% од пациентите третирани со абиратерон ацетат, додека истата стапка на намалување може да се постигне само кај 10% од оние на кои им било дадено плацебо.

Клиничка ефикасност и безбедност

Ефикасноста на абиратерон ацетат била докажана во три одделни рандомизирани плацебо - контролирани мултицентрични студии од Фаза 3 (студија 3011, 302 и 301) спроведени на пациенти со метастатски карцином на простата чувствителен на хормони (mHSPC) и метастатски карцином резистентен на кастрација (mCRPC). Новодијагностицирани (во последните 3 месеци пред рандомизацијата) mHDPK пациенти со високоризични прогностички фактори биле вклучени во студијата 3011. Високоризичната прогноза е дефинирана како присуство на најмалку 2 од следните 3 фактори на ризик: (1) а Gleason-ов резултат ≥8; и/или (2) присуство на 3 или повеќе лезии при скенирање на коските; и/или (3) присуство на мерливи висцерални метастази (со исклучок на лимфните јазли). Како активен третман, абиратерон ацетат бил администриран во доза од 1.000 mg/ден, во комбинација со единечна ниска доза од 5 mg преднизон дневно, како дополнување на стандардната терапија за лишување од андрогени (ADT) (LHRH агонист или орхиектомија), додека на пациентите во контролната група им биле администрирани Androgen Deprivation Therapy (ADT) и плацебо наместо абиратерон ацетат и преднизон. Пациентите кои користеле доцетаксел претходно биле вклучени во студијата 301, додека пациентите кои не користеле доцетаксел претходно биле вклучени во студијата 302. Пациентите или користеле агонист на LHRH или претходно имале орхиектомија. Како активен третман, абиратерон ацетат бил администриран во доза од 1.000 mg/ден во комбинација со ниска доза од 5 mg преднизон или преднизолон два пати на ден, додека на пациентите во контролната група им се администрирала мала доза од 5 mg преднизон или преднизолон два пати на ден додатно на плацебото.

Промените во серумските концентрации на PSA сами по себе не секогаш може да обезбедат клинички бенефит. Затоа, во сите студии, на пациентите им било препорачано да продолжат со третманите додека не ги исполнат некој од критериумите за прекин на терапијата дадени подолу.

Употребата на спиронолактон не била дозволена во ниту една студија бидејќи се врзува за андрогенскиот рецептор и може да ги зголеми нивоата на PSA.

Студија 3011 (новодијагностицирани пациенти со mHDPK со високоризични прогностички фактори) (newly diagnosed mHDPK patients with high-risk prognostic factors)

